ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

## ГРАД СКОПЈЕ
## ЗА 2021 ГОДИНА
## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2022 07 01/1

Скопје, ноември 2022 година

СОДРЖИНА:

1. Вовед......1
2. Мислење на ревизијата......2
Мислење за финансиски извештаи......2
Мислење за усогласеност со закони и прописи......2
3. Основ за изразување на мислење......2
3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи......3
3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи......4
4. Нагласување на прашања......15
5. Останати прашања......16
6. Законска основа за ревизијата и временски период......19
7. Опфат и ограничувања......20
8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи......20
9. Одговорност на ревизорите......20
10. Одговор на ревидираниот субјект......22

Финансиски извештаи за 2021 година
Биланс на приходи и расходи......23
Биланс на состојба......24

Прилози
Прилог бр. 1 Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
Вовед......25
Сметководствени политики......26
Образложенија кон финансиските извештаи......29

Прилог бр.2
Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор
Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| РСМ | Република Северна Македонија |
| НБРСМ | Народна банка на Република Северна Македонија |
| КИБС | Клириншки интербанкарски систем |
| НВО | Невладини организации |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ИЛ | Имотен лист |
| КП | Катастарска парцела |
| ЕДБ | Единствен даночен број |
| ЕМБГ | Единствен матичен број на граѓани |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| ВРИ | Врховна ревизорска институција |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 16-131/25

**Дата:** 22.11.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## 1. Вовед

Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, е основан и неговото подрачје е утврдено со Законот за Град Скопје[1]. Подрачјето на Град Скопје го сочинуваат подрачјата на општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, основани со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија[2].

Градот Скопје, согласно член 10 од Законот, ги врши работите од јавен интерес од локално значење на градот Скопје што се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, во согласност со закон; спорт социјална и детска заштита, здравствена заштита, противпожарна заштита на подрачјето на градот Скопје, надзор над вршењето на работите од надлежност на градот Скопје.

Град Скопје, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да врши работи од јавен интерес од значење за градот, што не се исклучени од негова надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт. Определувањето на работите, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот.

[1] Сл. весник на Република Македонија бр.55/04 и 158/11
[2] Сл. весник на Република Македонија бр. 55/04

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на Град Скопје, на сметката на основен буџет (630), за 2021 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Град Скопје за 2021 година на сметката на основен буџет (630).

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1 финансиските извешти не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Град Скопје на ден 31 декември 2021 година на сметката на основен буџет (630), како и финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката од 3.2.1 до 3.2.10 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Град Скопје за 2021 година, на сметката на основен буџет (630), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Етичкиот кодекс. Одговорностите на Државниот завод за ревизија, согласно ISSAI стандардите, се опишани дополнително во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за финансиски извештаи

3.1.1. На 31.12.2021 година, во сметководствената евиденција искажани се побарувања во вкупен износ од 1.749.205 илјада денари. Од вкупните побарувања 1.349.549 илјади денари (77%) се однесуваат на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија. Со извршениот увид во евиденцијата на побарувањата и нивната наплата ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Неусогласеност на сметководствената со даночната евиденција, од причина што не се води сметководствена евиденција на побарувања по основ на данокот на промет на недвижности во износ од 234.590 илјади денари и побарувања по основ на данок на наследство и подарок во вкупен износ од 45.122 илјади денари.
- Од вкупните побарувања утврдивме дека: 296.675 илјади денари (22%) се побарувања од над 10 години, 475.188 илјади денари (35,2%) се побарувања од над пет години и 577.686 илјада денари (42,8%) се не застарени побарувања. За истите градот нема утврдено старосна структура и дали постои законска можност за нивна наплата согласно одредбите од член 360 од Законот за облигациони односи и член 84 и 85а од Законот за даноците на имот, каде е уредено дека правото на утврдување и наплата на данокот застарува за пет години по истекот на годината во која требало да биде утврден, односно правото на утврдување и наплата во секој случај застарува по истекот на десет години од истекот на годината во која данокот требало да биде утврден и наплатен.
- При наплата на данокот на имот не се пресметува и наплатува камата за данокот кој не е платен во пропишаниот рок, односно камата се пресметува само за предметите за кои има присилна наплата, што не е во согласност со член 79 од Законот за даноците на имот.
- Побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти се евидентираат на денот кога се наплатени, а не во периодот на нивното настанување, што не е во согласност со член 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и не обезбедува објективност, сеопфатност, ажурност и точност на искажаните побарувања.

Ваквото постапување има влијание на реалното прикажување на побарувањата во финансиските извештаи, а не преземените мерки за навремена наплата има за ефект намалени приходи по основ на даноците на имот.

Наплатата на побарувањата по основ на данок на имот за периодот од 2017 до 2021 година е прикажана во следниот графикон.




**Препорака:**

Градоначалникот на Град Скопје да преземе мерки и активности за реално утврдување на основот на постоење на побарувањата за даноци и такси, да се врши нивно соодветно евидентирање во деловните книги, утврдување на старосната структура и можност за нивна наплата.

## 3.2. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Со извршената анализа на реализацијата на буџетот на Град Скопје за 2021 година, во делот на спроведување на надлежностите доделени на јавните претпријатија, ревизијата констатира дека преземени се обврски и финансирани се активности по програми и склучени се договори за претходна календарска/буџетска година во вкупен износ од 158.461 илјада денари, што не е во согласност со член 5 и 7 од Законот за буџетите. Од извршениот увид во доставената документација ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Советот на Град Скопје има усвоено Програма за одржување, проектирање и изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација за 2020 година, за чија реализација е надлежно ЈП „Улици и патишта" Скопје и има склучено договор[3] за одржување и изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација со предвиден буџет за 2020 година од 50.000 илјади денари и договор[4] за одржување, проектирање и изведба на светлосна сигнализација со предвиден буџет од 45.000 илјади денари за 2020 година. По основ на овие договори во текот на 2021 година исплатени

[3]Договор со бр. 08-2478/1 од 09.03.2020 година за одржување и изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација

[4]Договор со бр. 2759/1 од 16.03.2020 година за одржување, проектирање и изведба на светлосна сигнализација

се 34.388 илјади денари, без истите да бидат предвидени како преземени обврски во програмата и договорите за 2021 година;

- Советот на Град Скопје има усвоено Програма за одржување и реконструкција на сообраќајници на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје за 2020 година за чија реализација е надлежно ЈП „Улици и патишта" Скопје и има склучено договор[5] за реализација со предвиден буџет за 2020 година од 165.000 илјади денари. По основ на овој договор во текот на 2021 година исплатени се 20.820 илјади денари, без истите да бидат предвидени како преземени обврски во програмата и договорите за 2021 година;
- Согласно годишната оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото на подрачјето на Град Скопје за 2020 година за чија реализација е надлежно ЈП „Паркови и зеленило" Скопје, склучен е договор и анекс на договор[6] за подигање, хортикултурно уредување и реконструкција на јавни зелени површини, одржување и заштита, садење на садници, изработка и реконструкција на урбана опрема и придружни објекти на јавните зелени површини на подрачјето на Град Скопје со предвиден буџет за 2020 година од 180.000 илјади денари. По основ на овој договор во текот на 2021 година преземени се обврски и финансирани се активности за претходна календарска/буџетска година во вкупен износ од 39.904 илјади денари, без истите да бидат предвидени како преземени обврски во програмата и договорите за 2021 година;
- Советот на Град Скопје има донесено Програма за активностите од областа на средното образование за 2020 година, во која предвиден е бесплатен превоз на средношколци за чија реализација е надлежно „Јавното сообраќајно претпријатие" Скопје и има склучено договор и анекс на договор[7]. По основ на овој договор во текот на 2021 година исплатени се 43.349 илјади денари, без истите да бидат предвидени како преземени обврски во програмата и договорите за 2021 година.

Исплатата на средства врз основа на програми и договори по истекот на календарската/буџетската година за која не се предвидени средства има влијание врз реализација на планираните активности во програмите за тековната година, како и намалена транспарентност во планирањето и трошењето на буџетските средства.

[5]Договор со бр. 08-1075/1 од 31.01.2020 година и Анекс со бр. 08-1075/2 од 10.11.2020 година за одржување и реконструкција на сообраќајници на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје.
[6] Договор со бр. 08-643/1 од 22.01.2020 година и Анекс со бр. 08-643/6 од 27.11.2020 година за начинот и условите на подигање, хортикултурно уредување и реконструкција на јавни зелени површини
[7] Договор со бр. 08-7658/1 од 05.10.2020 година и Анекс на договор 2 со бр. 08-7658/3 од 01.02.2021 година за бесплатен превоз на средношколци

Препорака:

Градоначалникот на Град Скопје да ги преземе следните мерки и активности:

- при донесување на годишни програми и склучување на договори да се планираат и преземените обврските од претходната година и
- исплатата на средства да се врши по програми и склучени договори за календарската/буџетската година за која се предвидени средствата.

3.2.2. Согласно Законот за градот Скопје, утврдувањето и наплатата на даноците на имот е обврска на администрацијата на градот Скопје за подрачјето на општината каде што се наоѓа имотот. Приходот остварен по основ на најниска даночна стапка за данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности се распределува во сооднос 50% за градот Скопје и 50% за соодветната општина во градот Скопје.

Од извршениот увид во доставената документација поврзана со утврдувањето на данокот на имот во Град Скопје, ги утврдивме следните состојби:

- Не се врши целосно ажурирање на воспоставениот регистар на недвижен имот каде даночните обврзници кои се стекнале со дополнителен или нов имот (утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, ново изградени објекти, корисници, плодоуживатели на истиот) не се соодветно задолжени со данок на имот од денот на стекнување или користење на имотот, што не е во согласност со член 4 и 7 од Законот за даноците на имот. Исто така, поради невоспоставена соработка со НБРСМ и КИБС регистарот не располага со податоци за трансакциски сметки на даночните обврзници.
- Правилникот за унифицирање на цените на градежното и земјоделското земјиште и зоните на населени места на подрачјето на Град Скопје[8] согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот не е усвоен од страна на советот, а во делот на зонирањето што е прилог на Правилникот не се утврдени улиците во населените места во зоната во која припаѓаат. Ваквото постапување не е во согласност со одредбите на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот.
- При заверка и одобрување на купопродажните договори недостига доказ за извршена уплата на данокот на промет, додека при администрирање на наследните решенија и договорите за подарок од прв наследен ред не се врши проценка, односно ревреднување на пазарната вредност на имотот што е предмет на наследство или подарок. Горе наведеното не е во согласност со одредбите на член 13 и 14 од Закон за даноците на имот.

[8] Правилник за унифицирање на цените на градежното и земјоделското земјиште и зоните на населени места на подрачјето на Град Скопје при примена на Методологијата за процена на пазарна вредност донесен од страна на градоначалник бр. 08-1403/1 од 10.02.2020 година

Ваквите состојби имаат за ефект нереално остварени приходи по основ на даноци на имот во буџетот на Град Скопје и буџетите на општините во градот Скопје.

Движењето на облогот за данок на имот во соодност со надоместокот за уредување на градежно земјиште и надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти за период од 2017 до 2021 година е прикажано на следниот графикон.




Во текот на ревизијата преземени се мерки и спроведени се следниве активности:

- од страна на советот на Град Скопје донесена е Одлука[9] за давање на согласност на Правилникот за унифицирање на цените на градежното и земјоделското земјиште и зоните на населени места на подрачјето на Град Скопје при примена на Методологијата за процена на пазарна вредност со прилог на улиците во населените места во зоните во која припаѓаат;
- одржана е седница на координативното тело на градоначалници на општините во градот Скопје и донесен е заклучок сите општини до секторот за даноци на имот и комунални такси на Град Скопје да ги достават сите решенија за стекнување на правен статус на бесправно изградени објекти за последните 5 години;
- за предметите за данок на наследство и подарок од прв наследен ред отпочнати се активности за ре проценка на пазарната вредност на имотот што се наследува, а даночните наследници се задолжени со данок на имот по спроведена проценка, согласно методологијата. Исто така, при заверка и одобрување на купопродажните договори, кај данокот на промет воведена е контрола на уплатата од две меѓусебно независни лица.

[9] Одлука со број 27-10239/1 од 31.08.2022 година

Препорака:

Градоначалникот и надлежните служби да преземат мерки и активности за целосно ажурирање на воспоставениот регистар на недвижен имот на кој начин даночните обврзници кои се стекнале со дополнителен или нов имот, ќе бидат задолжени со данок на имот од денот на стекнувањето или користењето на истиот.

3.2.3. По основ на комуналната такса за користење простор пред деловни простории за вршење на дејност за 2021 година, остварени се приходи од 8.787 илјади денари или 35% од планираните.

Од извршениот увид во документацијата поврзана со начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Утврдувањето и наплатата на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење дејност, градот Скопје ја администрира за општините во градот, врз основа на склучени договори во 2009 година и за таа цел приходите остварени од комуналната такса ги распределува 50% за Град Скопје и 50% за општините во градот Скопје. Условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје, се спроведува врз основа на донесена Одука[10] од страна на Советот на Град Скопје, во која се утврдени рокови за обработка на поднесените барања и изготвување на решенијата, рокови за подигнување и плаќање на комуналната такса. Од извршените детални тестирања, ревизијата констатира дека утврдените рокови во член 12 и 13 од Одлуката не се почитуваат, односно кај дел од предметите периодот на обработка и изготвувањето на решението е подолг од 4 месеци, подигањето на решенијата и уплатата на средствата не соодветствуваат со утврдените рокови во Одлуката.
- Поголем дел од поднесените барања за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема не се целосно пополнети, односно не е наведен периодот за кој се бара одобрението, кај дел од издадените одобренија не соодветствува периодот кој е наведен во барањето за поставување на урбана опрема со периодот за кој се издава одобрението, а дел од издадените одобренија се однесуваат на изминат период.

[10] Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење на дејност надвор од деловен простор на подрачјето на Град Скопје со бр .27-10300/1 од 14.11.2018 година и бр. 27-574/1 од 23.01.2019 година

- Секторот-Инспекторат на Град Скопје надлежен за вршење на инспекциски надзор, не врши контрола на издадените одобренија за поставување на урбана опрема со увид на лице место и изготвување на записник со скица за бараниот простор за вршење на дејноста, врз основ на кој се пресметува надоместокот, што не е во согласност со член 28 од Одлуката.

Ваквиот начин на администрирање со комуналната такса за користење простор пред деловен објект, создава можност просторот пред деловните објекти да се користи без одобрение за поставување на урбана опрема и платена комунална такса, што има влијание на целосноста и точноста на приходите по овој основ.

**Препорака:**

Градоначалникот на Град Скопје да ги преземе следниве мерки и активности:

- советите на општините во градот Скопје и советот на Град Скопје да донесат одлуки за меѓу општинска соработка и склучат нови договори согласно законските надлежности;
- целосно почитување на утврдените рокови во Одлуката, при администрирање на комуналната такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност кои се во надлежност на градот Скопје;
- секторот Инспекторат на Град Скопје надлежен за вршење на инспекциски надзор редовно да врши контроли на издадените одобренија за поставување урбана опрема.

3.2.4. Согласно член 13 од Законот за комунални такси и член 35 од Законот за градот Скопје утврдувањето и наплатата на комунална такса за користење на музика во јавните локали се администрира по издадено решение од страна на Град Скопје, а остварените приходи по овој основ се распределуваат во соодност од 70% за Град Скопје и 30% за соодветната општина. Советот на Град Скопје има донесено Одлука за утврдување на висината на комуналните такси со која има утврдено годишна такса во висина од 6.700 денари. Со извршените детални тестирања на остварените приходи по овој основ во износ од 62 илјади денари, констатиравме дека истите се однесуваат на уплати извршени од страна на Општина Сарај.

Ваквата состојба укажува дека градот Скопје не врши утврдување и наплата на комуналната такса за користење на музика во јавните локали, што има влијание на целосноста и точноста на приходите по овој основ.

**Препорака:**

Градоначалникот на Град Скопје да преземе мерки и активности за утврдување и наплата на комуналната такса за користење на музика во јавните локали согласно законските одредби.

3.2.5. Во текот на 2021 година по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила на територијата на Град Скопје остварени се приходи во вкупен износ од 20.880 илјади денари. Со извршените детални тестирања, ревизијата констатира дека јавното претпријатие кое стопанисува со паркинзите на подрачјето на градот, ЈП „Градски паркинг” - Скопје за 2020 и 2021 година ја нема уплатено комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила на територијата на градот. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од членот 20 од Законот за комуналните такси и тарифниот број 8 од Тарифата за комунални такси, каде е утврдено дека правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг просторот врши наплата на таксата и ја уплатува на сметка на општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје на чие подрачје е извршена наплатата, што има за ефект помалку остварени приходи во буџетот на градот.

**Препорака:**
Градоначалникот на Град Скопје да преземе активности за редовни контроли и навремена уплата на комуналната такса за простор за паркирање на моторни возила на територијата на Град Скопје.

3.2.6. Од извршениот увид во доставената документација и донесените акти во рамки на спроведување на надлежноста за управување со зеленилото утврдена во Закон за урбано зеленило, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Советот на Град Скопје нема донесено Стратегија за развој на зеленилото, која ги дава насоките за креирање на планските решенија во делот на зеленилото при изработката на сите планови и проекти во поглед на заштита и унапредување на системот на зеленило и Одлука за зеленило, што не е во согласност со член 12 од Законот за урбано зеленило.
- Град Скопје не остварува приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило, ниту ги има предвидено во буџетот за 2021 година, што не е во согласност со член 39 од Законот за урбано зеленило.
- Спроведувањето на надлежноста, Град Скопје ја остварува преку донесување на Годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото, во која се утврдуваат видот и површината на зеленилото што ќе биде подигнато и одржувано, динамиката на подигање и начинот на одржување, процентот на озеленетост, изворот на обезбедување и висината на финансиските средства потребни во тековната година. За извршување на активностите предвидени во програмата задолжено е ЈП „Паркови и зеленило” Скопје со договор за утврдување на меѓусебни права и обврски[11]. Финансирањето на активностите предвидени во програмата за одржување на јавното зеленило се врши преку издвојување на 19,5% од цената на потрошената, фактурирана и наплатена вода и одведување на

[11] Договор со бр. 08-437/1 од 20.01.2021 година

урбани отпадни води согласно Одлука[12] донесена од страна на Советот на Град Скопје. Согласно одлуката наплатата на средствата се врши од страна на ЈП „Водовод и канализација" Скопје преку доставување на сметки до крајните корисници за сите водни услуги, како и надоместокот наменет за одржување на јавно градско зеленило (паркови) и истите се уплатуваат на сметката на ЈП „Паркови и зеленило" Скопје. За регулирање на меѓусебните права и обврски јавните претпријатија имаат склучено договор кој не предвидува мерливи критериуми по однос на распределбата на трошоците поврзани со издавање и наплата на фактурите.

- За спроведување на активностите за редовно одржување на јавното градско зеленило на подрачјето на Град Скопје утврдени во годишната програма, јавното претпријатие до градот не доставува соодветна поткрепувачка документација со што надлежниот сектор за надзор над извршувањето на програмата нема можност за увид и контрола во планираните и реализираните финансиски средства за извршување на надлежноста. Од извршениот увид во податоците во Годишниот извештај за работата на јавното претпријатие за 2021 година, ревизијата констатира дека реализирани се работни операции за редовно одржување на јавни зелени површини на подрачјето на Град Скопје во износ од 495.126 илјади денари, иако за таа намена од ЈП „Водовод и канализација" Скопје има добиено парични средства во износ од 264.070 илјади денари, што влијание врз реализацијата на планираните активности на јавното претпријатие.

  Советот на Град Скопје на седницата одржана на 22.05.2022 година не го усвоил Годишниот извештај за работењето на јавното претпријатие за 2021 година.

**Препорака:**

Градоначалникот на Град Скопје да преземе мерки и активности за:

- донесување на Стратегија за развој на зеленилото и Одлука за зеленило и
- утврдување на надомест за одржување на јавното градско зеленило и активностите за одржување на зеленилото да се финансираат преку овој надоместок со целосна контрола во планираните и реализираните финансиски средства за извршување на надлежноста.

3.2.7. Со извршената анализа и увид во доставената документација и донесените акти за начинот на остварување на јавните услуги од локално значење (собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад и одржувањето на јавната чистота), ревизијата ги утврди следните состојби:

[12] Одлука со бр. 07-4610/1 од 31.10.2012 година утврдува процент во висина од 19,5% од тарифата за снабдување со вода за пиење или водоснабдување и тарифата за собирање и одведување на урбани отпадни води, за вршење на комунална дејност – одржување на јавно градско зеленило (паркови).

- Град Скопје не остварува приходи од надоместокот за одржување на јавната чистота и истите ги нема предвидено во буџетот за 2021 година, од причина што советот на Град Скопје нема утврдено висина на надоместок за одржување на јавната чистота, во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата - обемот за одржувањето на јавните површини, што не е во согласност со член 24 од Законот за јавна чистота.
- За вршење на работите на одржување на јавната чистота Град Скопје има донесено Годишна програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на Град Скопје за 2021 година, која содржи: вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, динамика и начин на вршење на работите. За спроведување на оваа програма е задолжено ЈП „Комунална хигиена" Скопје, кое донесува Оперативен план за работа. Потребните финансиски средства за реализација на програмата предвидено е да се обезбедуваат од наплатените средства согласно Одлука за одобрување на висината на цената за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на Град Скопје, донесена од страна на советот, во која не е уреден начинот на утврдување и наплата. Во периодот од 1992 до 2022 година, средствата за извршената услуга за собирање и транспортирање на комунален отпад на подрачјето на Град Скопје, ги наплатува ЈП „Водовод и канализација" Скопје и истите ги трансферира на ЈП „Комунална хигиена", по договор за регулирање на меѓусебните права и обврски[13] за кој градот Скопје како основач нема дадено согласност.
- За активности за чистење на јавните површини утврдени во годишната програма, јавното претпријатие до градот не доставува соодветна документација (работни налози, фактури) за извршените услуги, со што надлежниот сектор за надзор над извршувањето на програмата нема можност за увид и контрола во планираните и реализираните финансиски средства.

Ваквите состојби имаат за ефект помалку остварени средства во буџетот на градот и создаваат ризик од не навремено и не квалитетно извршување на активностите предвидени со годишната програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на Град Скопје.

Препорака:
Советот на Град Скопје, на предлог на градоначалникот да ја утврди висината надоместокот за одржување на јавната чистота и програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Град Скопје да се финансира од овој надоместок.

[13] Договор со бр. 05-292 од 16.02.1993 година, бр. 05-2525 од 19.04.2001 година, бр. 0307-13541/1 од 05.11.2015 година и анекс со бр. 0307-5006/1 од 27.05.2021 година

3.2.8. Согласно Законот за пожарникарство средствата за финансирање на противпожарните единици и организацијата на гаснењето на пожарите на локално ниво покрај од буџетот на РСМ, буџетот на градот Скопје се обезбедуваат и од 2% од наплатените премии за осигурување на моторни возила (каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила како и средствата од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии. Во текот на 2021 година остварени се приходи во вкупен износ од 38.003 илјади денари. Со извршените аналитички постапки, ревизијата утврди нецелосност на остварените приходи, односно осигурителните компании надлежни за осигурување на територијата на Град Скопје не ја подмируваат законската обврска во целост. Кај дел од осигурителните компании недостасуваат уплати за период од два, три и повеќе месеци.

Ваквиот начин на наплата на приходите не е во согласност со законските одредби и има влијание на целосноста и точноста на приходите по овој основ.

Во текот на ревизијата преземени се активности и извршен е вонреден инспекциски надзор од страна на даночната инспекција на Град Скопје и извршена е наплата на приходите во вкупен износ 10.000 илјади денари, што претставува 26% од вкупната годишна уплата.

**Препорака:**

Градоначалникот на Град Скопје да преземе мерки и активности, надлежните сектори во текот на годината да ја следат и контролираат наплатата на приходите по овој основ.

3.2.9. Процесот на буџетирање е спроведен врз основа на донесен буџетски календар од страна Советот на Град Скопје кој ги регулира роковите за планирање и донесување на буџетот, со дефинирани носители на конкретна активност.

Во услови на примена на времени мерки[14] заради заштита на здравјето на населението на територијата на Република Северна Македонија, а во функција на спречување на внесување, ширење, сузбивање и справување со последиците од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, градот не бил во можност да ги испочитува роковите на активности утврдени со буџетскиот календар во процесот на подготвување и донесување на буџетот за 2021 година, односно:

[14] Одлука за мерки за спречување на внесување и ширење на корона вирус COVID-19 со број 44-2147/1 од 12.03.2020 година и Одлука за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и агоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена со број 44-8118/1 од 03.11.2020 година

- Буџетскиот циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови до сите сектори и буџетски корисници и предлог финансиските планови и пресметки од страна на секторите и буџетските корисници се доставени со задоцнување (од еден и два месеци).
- Предлог планот на програми за развој не е изготвен и доставен до советот на Град Скопје на одобрување во законски утврдениот рок од 20 октомври и усвоен од страна на советот во законски предвидениот рок 15 ноември и не се организирани јавни расправи, трибини, собири на граѓани и други активности и форми на обезбедување на потребни информации и податоци за потребите на граѓаните, бизнис заедницата, НВО, ранливи и маргинализирани категории.

Советот на Град Скопје не го усвоил Годишниот извештај за 2021 година, што не е во согласност со член 34 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. За неусвојување на извештајот нема дадено образложение и нема покренато постапка за вршење на контрола над материјалното и финансиското работење пред надлежниот орган за надзор, што не е во согласност со одредбите од член 36 став 2 на Закон за локалната самоуправа.

Непочитувањето на одредбите од законот, влијае на законското работење на субјектот, основаноста на актите и преземањето на мерки и активности по нивно постапување.

**Препорака:**

Советот на Град Скопје, да го усвои Годишниот извештај од работењето на градот, а доколку не е согласен да даде образложение и да преземе мерки за вршење на контрола над материјалното и финансиското работење пред надлежниот орган за надзор.

3.2.10. Со увид во Правилникот[15] за систематизација на работните места во општинската администрација во однос на организациската, професионалната и функционалната поставеност на единицата за внатрешна ревизија, ги утврдивме следниве состојби:

- Правилникот за систематизација на работните места во Секторот за внатрешна ревизија не ги предвидува посебните услови кои треба да ги исполнуваат раководителот на единицата за внатрешна ревизија, овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори, утврдени со член 35 и 36 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
- Во месец декември 2020 година, донесени се Стратешки план и Годишен план на единицата за внатрешна ревизија во Град Скопје за периодот од 2021 - 2023 година, од страна на раководителот на одделението за

[15] Правилник за систематизација на работни места со бр. 04-6184/1 од 27.08.2015, бр. 04-375/7 од 25.09.2020 и бр. 04-1469/2 од 05.03.2021 година

внатрешна ревизија на јавните претпријатија основани од Град Скопје, по овластување дадено од страна на градоначалникот. Ваквата состојба не е во согласност член 40 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола каде е регулирано дека стратешкиот и годишниот план за извршување на внатрешна ревизија ги донесува раководителот на единицата за внатрешна ревизија по добиена согласност од раководителот на субјектот од јавниот сектор врз основа на извршената процена на ризиците и член 8 каде раководителот на субјектот може со акт да даде овластување (генерално или посебно) на еден или повеќе раководни лица кои хиерархиски директно му се подредени.

Непредвидените посебни услови кои треба да ги исполнуваат вработените во единицата за внатрешната ревизија, како и несоодветно дадено овластување од градоначалникот, не овозможува исполнување на основната цел и задача, односно на раководителот на субјектот да му обезбеди независно разумно објективно уверување и совет за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола.

**Препорака:**

Градоначалникот на Град Скопје да преземе мерки и активности за:

- изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Секторот за внатрешна ревизија да ги предвидат посебните услови кои треба да ги исполнуваат раководителот на единицата за внатрешна ревизија, овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори и
- генерално или посебно овластувања од страна на градоначалникот да се даваат на раководни лица кои хиерархиски директно му се подредени.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Обрнуваме внимание дека Град Скопје во 2021 година е тужена странка од 34 правни лица по основ на долг во износ од 163.354 илјади денари и 448 физички лица по основ надомест штета, експропријација и парични побарувања од неостварени права по Закон за работни односи за долг од 132.139 илјади денари од кои 221 се однесуваат по основ на солидарна одговорност за надомест на штета со јавните претпријатија „Комунална хигиена”, „Паркови и зеленило” и „Лајка” со преценета вредност од 55.747 илјади денари.

Град Скопје се јавува како тужител против 4 правни и 2 физички лица за неосновано збогатување, договорна казна за неисполнување на обврски и надомест на материјална штета за долг од 22.734 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетот на градот.

## 5. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кои имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

5.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

### Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување

5.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа

дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

**Приходи од давање на земјоделското земјиште во државна сопственост на користење по пат на закуп и плодоуживање**

5.3. Согласно член 33 од Законот за земјоделско земјиште, од страна на Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, земјоделското земјиште во државна сопственост може да се даде на користење по пат на закуп и плодоуживање. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорска сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 50% за Република Северна Македонија и 50% за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во зависност од местоположбата на земјоделското земјиште кое е предмет на давање под закуп. Општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, средствата во висина од 50% ги распределуваат во соодност 25% за општината од подрачјето на градот Скопје и 25% за градот Скопје. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост наплатени во

тековната година се распределуваат на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои имаат реализација на приходи од данок на недвижен имот над 80% во однос на планираните во претходната година според податоците од трезорската евиденција. Согласно законското решение, општината нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат, ниту пак МЗШВ има законска обврска склучените договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост да ги доставува до општините за земјиштето што се наоѓа на нивната територија.

### Надоместок по основ на концесии

5.4. Согласно член 76 од Законот за минерални суровини, концесионерот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини плаќа еднократен надоместок за користење на просторот, а во зависност од видот на минералната суровина определен во концесијата, односно дозволата за вршење на детални геолошки истражувања.

Концесионерот кој што врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина.

Средствата се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и се 22% приход на Буџетот на РСМ и 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

И покрај тоа што, општината располага со податоци за склучените договори за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и има увид на уплатените средства на сметката на буџетот на општината, нема можност да се увери во целосноста на приходите кои се уплатени на нивната сметка по овој основ.

### Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот

5.5. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во РСМ со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во Градот и општините во РСМ, даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и размена на податоци со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на РСМ).

### Надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти

5.6. Во текот на 2021 година по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти остварен е приход во вкупен износ од 163.490 илјади денари. Согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти[16] заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект кој се распределува меѓу градот Скопје и општините во градот Скопје, се изготвува од страна на градот Скопје. Согласно законот, обврската за плаќање на надоместокот настанува во рок од десет работни дена од денот на приемот на заклучокот, а доколку не се плати во утврдениот рок предвидена е можност за одложено плаќање на дванаесет месечни рати. Со извршената анализа на законското решение во делот на наплатата на надоместокот, констатиравме дека по изготвување на заклучокот за плаќање на надоместокот општинската администрација на Град Скопје нема законски основ во кој е пропишан рок за подигнување на заклучокот и следење на рокот за негова наплата. Од извршените детални тестирања на предметите за легализација, констатиравме дека за дел од предметите изготвени се заклучоци од минати години кои сеуште не се подигнати од страна на барателите и истите не се наплатени.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

[16] („Сл. весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл. весник на РСМ" бр. 174/21)

Оваа ревизија е пилот ревизија извршена во рамките на твининг договорот помеѓу Државниот завод за ревизија и ВРИ на Република Бугарија и Република Хрватска, финансиран од средствата на Европската Унија.

Ревизијата е планирана и извршена во периодот од 15.03.2022 до 31.07.2022 година кај Град Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Град Скопје, сметка на основен буџет (630), за 2014 година, во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2014 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија на градот изминат е подолг временски период и настанати се промени во законската регулатива со која е уредено работењето.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничувања во поглед на делокругот на ревизијата.

## 8. Одговорност на раководството за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на градоначалникот на Град Скопје, застапувано од:

- Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје до 07.11.2021 година и
- Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје од 08.11.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со

применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Град Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на општината. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на градоначалникот на општината, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата,

вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

Од прашањата за кои се дискутирало со оние кои се одговорни за управувањето, ги одредуваме прашањата кои биле од најголемо значење во ревизијата на финансиските извештаи за тековниот период и затоа се клучни ревизорски прашања. Ги опишуваме овие прашања во ревизорскиот извештај, освен ако закон или регулатива не го исклучуваат јавното објавување на ова прашање или кога, во исклучително ретки околности, утврдуваме дека за прашањето не треба да се известува во нашиот извештај, бидејќи штетните последици од истото би можеле реално да ги надминат придобивките од јавната корист од таквото објавување.

## 10. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Град Скопје, одржан на ден 05.09.2022 година, за истите дадоа свои коментари, објаснување и начелно ги прифатија истите.

На ден 14.11.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Град Скопје, број 09-12960/1 од 11.11.2022 година, за сметката на основен буџет (630), не од одговорното лице, градоначалник на Град Скопје г-ѓа Данела Арсовска, туку од г-дин Зоран Глигоров, секретар на Град Скопје, заведена во Државниот завод за ревизија под број 16-131/24 од 14.11.04.2022 година. Забелешките се однесуваат на точката 3.2.10.

Во функцијата на транспарентноста во постапката и во интерес на веродостојноста и утврдување на фактичката состојба, забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор и истите претставуваат известување за преземени активности и активности кои треба да бидат преземени во иднина за спроведување на дадената препорака.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

Град Скопје

Сметка на Основен Буџет (630)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 3.245.387 | 1.943.779 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 182.596 | 107.376 |
| Капитални приходи | 3.3. | 251.733 | 101.534 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 873.131 | 1.736.332 |
| **Вкупно приходи** | | 4.552.847 | 3.889.021 |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.5.1. | 274.938 | 246.702 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 6.711 | 4.155 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 1.000.435 | 902.292 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 15.676 | 9.845 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 1.003.999 | 1.281.930 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 2.301.759 | 2.444.924 |
| | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 1.543.088 | 1.025.342 |
| | | | |
| **Отплата на главница** | 3.7. | 145.694 | 163.868 |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | 3.990.541 | 3.634.134 |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | 562.306 | 254.887 |

Град Скопје

Сметка на Основен Буџет (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2021 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Актива | | | | |
| Тековни средства | | | | |
| Парични средства | | 4.1.1. | 562.306 | 254.887 |
| Побарувања | | 4.1.2. | 1.749.205 | 1.337.928 |
| Активни временски разграничувања | | 4.1.3. | 42.861 | 27.179 |
| **Вкупно тековни средства** | | | **2.354.372** | **1.619.994** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | | |
| Долгорочни пласмани | | 4.2. | 188.001 | 248.052 |
| **Вкупно капитални средства** | | | **188.001** | **248.052** |
| **Вкупна актива** | | | **2.542.373** | **1.868.046** |
| Пасива | | | | |
| Тековни обврски | | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | | 4.3.1. | 895 | 868 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | | 4.3.2. | 41.966 | 26.311 |
| Пасивни временски разграничувања | | 4.3.3. | 2.452.002 | 1.793.306 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | | **2.494.863** | **1.820.485** |
| **Извори на капитални средства** | | | | |
| Извори на капитални средства | . | 4.4. | 47.510 | 47.561 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | | **47.510** | **47.561** |
| **Вкупна пасива** | | | **2.542.373** | **1.868.046** |

ГРАД СКОПЈЕ

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 274

До
**Државен завод за ревизија**
**ул.Павел Шатев бр.2**
**Палата „Емануел Чучков“**
**1000 Скопје**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено: / Pranuar më: 14.11.2022
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. 16-131/24 | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera

**Наш број:** 09-12960/1
11.11.2022 година
Скопје
**Ваш број:** 16-131/22
10.10.2022 година

**ПРЕДМЕТ:** Забелешки по нацрт извештаи за 2021 година

Во врска со доставените Нацрт извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност во Град Скопје за 2021 година и тоа на сметката за основен буџет (630), сметката за основен буџет (637), сметката на приходи на буџет на дотации (930) и сметката на расходи на буџет на дотации (937), Град Скопје ги дава следните забелешки:

По однос на наведеното во **точка 3.2.10.** од Нацрт извештајот за сметката за основен буџет **(630)**, а која се однесува на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје дека не ги предвидува посебните услови кои треба да ги исполнуваат ревизорите согласно членовите 35 и 36 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола, ве известуваме дека направен е обид, односно до Министерството за информатичко општество и администрација доставен е на согласност Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје бр.08-5330/4 од 13.07.2022 година, којшто ви го доставуваме во прилог. Во овој правилник, во членот 7 се предвидени условите кои треба да ги исполнува Раководителот на Секторот за внатрешна ревизија, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Во врска со правилникот, на ден 28.10.2022 година од Министерството за информатичко општество и администрација добивме **Укажување** 09-2861/8 од 21.10.2022 година, кое што ви го доставуваме во прилог.

Во врска со наведеното во **точка 3.1.1.** од Нацрт извештајот за сметката на расходи на буџет на дотации **(937)**, а која се однесува на договорите за бесплатен превоз на ученици склучени меѓу Град Скопје и ЈСП, ве известуваме дека истите **се склучуваат за учебна година** врз основа на средства предвидени во две буџетски години. Оттука Договорот бр.08-7658/1 од 05.10.2020 година и Анекс на договор 2 со бр.08-7658/3 од 01.02.2021 година се однесуваат за организирање на превоз за месеците септември, октомври, ноември и декември 2020 година и јануари-јуни 2021 година. Договорените обврски Градот Скопје за учебната 2020/2021 имал обврска да ги подмири со истекот на буџетската 2021 година, поради што средствата во висина од 91.629 илјади денари се исплатени во 2021 година.

Во врска со наведеното во **точка 4.1**. од Нацрт извештајот за сметката на расходи на буџет на дотации **(937)**, а која се однесува дека не е испочитуван утврдениот минимум на вработени професионални пожарникари со Законот за пожарникарството, ве известуваме дека Град Скопје прави константни напори за зголемување на бројот на професионалните пожарникари со оглед на одливот што се случува поради нивно заминување во пензија. Имено, на ден 28.02.2022 година до Министерството за одбрана доставено е Барање да ни дадат согласност за вработување на 25 нови пожарникари. Во врска со ова барање на ден 05.04.2022 година и на ден 08.06.2022 година до истото министерство доставени се и ургенции. На ден 06.07.2022 година од Министерството за одбрана доставено е известување дека по нашето барање ќе биде постапено по спроведувањето на ребалансот на буџетот. Истото ви го доставуваме во прилог во фотокопија. Во прилог ви се доставуваат и барањето и ургенциите до Министерството за одбрана. Во контекст на ова ве известуваме и дека во 2021 година вработени се 20 професионални пожарникари.

Со почит,

**ГРАД СКОПЈЕ**
**Секретар**

**ЗоранГлигоров**

(937) 4.1

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SI
СКОПЈЕ - SHKU
Примено: / E pranuar: 05. 07
08-2080/6

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

Бр. 14/5-72/68
Дата 29.06.2022

До: Град Скопје

Република Северна Мак
Министерство за одбран
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Мак
Тел. (02) 32822 36
Факс. (02) 328......
minister@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Предмет: Известување, доставува.-
Врска: Ваш акт бр.08-2080/5 од 08.06.2022 година

Почитувани,

Во врска со вашето барање за зголемување на наменската дотација за плати и надоместоци на плати, ве известуваме по следното:
По донесување на Законот за измена и дополна на Законот за минимална плата, во Министерството за одбрана пристигнаа повеќе барања од општините со речиси идентични барања (недостиг на средства по основ на зголемување на минималната плата) со што во МО беше заземен ставот сите овие барања да се решат системски, со единствен став.
Со оваа материја се запознаени и повисоките авторитети, а во насока на одговор на барањата на општините се побараа податоци од сите 34 општини да се изјаснат за недостигот на средства до крајот на годината, по наведениот основ.
Со оглед на тоа што Вашето барање е пристигнато, Ве известуваме дека по истото ќе биде постапено по спроведување на ребалансот, кој моментално е во собраниска процедура. Министерството за одбрана ќе изврши анализи на сите барања од општините и по донесување на конечна одлука и носоки од највисоките авторитети, за истото ќе бидете информирани.

Со почит,

Изработил: Сања Костадинова
Одобрил: Сузана Симовска

Сектор за финансии
По овластување раководител
Цвета Силавеска

Доставено до: (за информирање)
- Државен секретар
- СЦВС

1937/4.1

**ГРАД СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk
тел: 02/ 3 297 204

Наш број: 08-2280/1
28.02.2022

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА / MINISTRIA E MBROJTJES
Скопје-Shkup 28-02-2022

**До: Република Северна Македонија**
**Министерство за одбрана**

**Предмет:** Барање

**Почитувани,**

Територијалната противпожарна единица на Град Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), како организациона единица на Градот Скопје, со своето делување освен подрачјето на општините во Град Скопје го покрива и поширокото подрачје на градот, односно подрачјето на општините Петровец, Илинден, Арачиново, Чучер-Сандево, Сопиште, Студеничани и Зелениково, а при големи пожари истата дејствува и како противпожарна единица на подрачјето на целата држава. Таа во моментов брои 202 пожарникари иако предвидениот законски минимум е 384 пожарникари на територијата на градот Скопје.

Во изминатиот период, поради континуираниот природен одлив на вработени (пензионирања и заминување по други основи), Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје се соочува со постојан недостиг на кадар. Нејзината екипираност е од големо значење за целокупното функционирање на Град Скопје и за безбедноста и заштитата на граѓаните на градот Скопје и пошироко.

Со цел извршување на надлежноста од јавен интерес од локално значење - противпожарна заштита на подрачјето на градот Скопје, согласно Законот за градот Скопје, која надлежност се финансира со дотација, согласно Законот за финансирање на единиците за локалната самоуправа, бараме од Вас како надлежно министерство да ни дадете согласност за вработување на 25 нови пожарникари чие вработување е предвидено во Годишниот план за вработување на Град Скопје за 2022 година.

Исто така бараме да се обезбедат дополнителни финансиски средства за уште 10 нови вработувања кои произлегуваат од проектот на Центарот за управување со кризи за имплементација на единствениот повикувачки број за итни служби Е-112 со кој е опфатена и Бригадата за противпожарна заштита на Град Скопје, со што се наметна потребата од дополнително екипирање на единицата со нови вработени кои би работеле на работни места кои ги предвидува самиот проект.

Истовремено, Ве известуваме дека согласно измените во Законот за минимална плата (која има влијание на висината на платата на пожарникарите согласно член 13 од Законот за пожарникарството), Законот за работните односи (плаќање за работа во ден на неделен одмор - недела) како и другите додатоци на плата ( ноќна работа, работа во смени, прекувремена работа, работа во празник и др.) се јавува недостиг на средства од дотација за исплата на плата за постоечките 202 вработени. Во тој контекст висината на дотацијата за плати за вработените во Бригадата за противпожарна заштита во месец февруари за месец јануари изнесува 11.066.667,00

противпожарна заштита во месец февруари за месец јануари изнесува 12.552.821,00 денари. Основна плата на работното место пожарникар–спасител изнесува 24.519,00 денари и истата претставува основица на сите други плати по работни места во БППЗ и додатоци на плата.

Заради горенаведеното бараме од Вас да ни дадете согласност за новите вработувања како и да ни излезете во пресрет на нашето барање за зголемување на износот на постојната дотацијата.

**Со почит,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ГРАД СКОПЈЕ · СКОПЈЕ · QYTETI I SHKUPIT · SHKUP · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**



(937) 4.1


**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 204


**До: Република Северна Македонија**
**Министерство за одбрана**

**Наш број:** 08-2080/
05. 04. 2022

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Скопје - Shkup

| | | |
|---|---|---|
| Примено / Pranuar | 05-04-2022 | |
| Орг. един. / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca |
| | | |

**Предмет**: Ургенција

**Почитувани,**

Во врска со наш допис бр. 08-2080/1 од 20.02.2022 година би сакале уште еднаш да В укажеме на состојбата за која се обративме до вас и за кој до денес сеуште немаме добиено одговор а се однесува на пренесената надлежност на Територијалната противпожарна единица на Град Скопје- Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ) нејзината финансиската состојба и недостиг на број на вработени.

Финансиската состојба е имплицирана со законските измени кои произлегуваат од Законот за минимална плата со кој се зголемува минималната плата на 18.000 денари и Законот за работни односи за ноќната работа и работа во недела. Согласно нашите проекции доколку остане не променет бројот на вработени, во овие услови со пресметка на платите за време на празниците кои следат до крајот на годината, за цела 2022 година ќе се јави недостиг на средства во износ од околу 5.000.000,00 денари.

Воедно уште еднаш ја нагласуваме потребата за вработување на 25 пожарникари, како и 10 вработени кои произлегуваат од проектот во Центарот за управување со кризи. Проекциите за нивната плата за 7 месеци изнесуваат околу 13.000.000 денари. Со што вкупниот недостиг за 2022 година во дотацијата ќе изнесува 18.000.000 денари.

Поради горенаведеното, како и образложението кое веќе ви го доставивме, уште еднаш бараме да ни дадете согласност за новите вработувања и соодветно да ја зголемите дотација за 2022 година за исплата на платите во БППЗ, а со цел непречено и квалитетно спроведување на пренесените надлежности во областа на противпожарна заштита.

**Со почит,**

Прилог:
-Допис (копија) број 08-2080/1 од 20.02.2022

Република Северна Македонија - Град Скопје - Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**

(937) 4.1

**ГРАД СКОПЈЕ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 204

**Наш број:** 08-2080
08. 06. 2022

**До: Република Северна Македонија**
**Министерство за одбрана**

**Предмет:** Ургенција

**Почитувани,**

Во врска со допис бр. 08-2080/1 од 28.02.2022 година до Вас како надлежно Министерство преку кое се извршува одобрување на дотацијата за пренесената надлежност во областа на противпожарната заштита на територијата на Град Скопје, бараме согласност за вработување на 25 пожарникари и 10 нови вработени во Центарот за управување со кризи, како и соодветно зголемување на дотацијата, но до денес немаме добиено одговор. Со дописот детално е објаснета состојбата со моменталниот број на вработени наспроти законските рамки со кои се предвидува минимум 184 пожарникари повеќе од моменталната состојба. Потоа објаснето е целосно влијанието на законските измени во Законот за минимална плата и Законот за работните односи при исплата на плата и додатоци на плата за вработените во Територијалната противпожарана единица на Град Скопје- Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ)

Со допис бр. 08-2080/2 од 05.04.2022 година, ви укажуваме на потребата од вработување на 25 пожарникари и 10 нови вработени во Центарот за управување со кризи и повторно ви ја образложивме финансиската состојба односно недостигот што се јавува во висината на дотација, која ги покрива платите и додатоците на плата за вработените во БППЗ. Во дописот ве информиравме дека недостигот за моменталниот број на вработени до крај на 2022 година ќе изнесува 5.000.000 денари. Исто така образложивме дека доколку се вработат неопходните 25 пожарникари како и 10 вработени кои произлегуваат од проектот на Центарот за управување со кризи, вкупниот недостиг за 2022 би бил 18.000.000 денари.

Со овој допис ја потенцираме итноста на состојбата и сакаме да напомeнеме дека пресметаната и исплатената плата во потпрограмата Њ0- противпожарна заштита за месец 05/2022 година изнесува 11.625.112 денари, додека месечната дотација која ни ја одобрувате изнесува 11.066.667 денари. При што само овој месец се јавува недостиг од 558.445 денари (за 200 вработени).

Ве молиме во најкраток рок да ги разгледате нашите барања за зголемување на дотацијата и благовремено да реагирате како би можело квалитетно, навремено и непречено да се извршува дејноста во областа на противпожарната заштита.

**ПРИЛОГ:** копија од допис бр 08-2080/1 од 28.02.2022 година и бр.08-2080/2 од 05.04.2022 година.

**Со почит,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ГРАД СКОПЈЕ · СКОПЈЕ · QYTETI I SHKUPIT · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**ГРАД СКОПЈЕ**
**Данела Арсовска**

(630) 3.2.10

Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Примено / E pranuar: 28.10.
| Организациона единица / Njësi org | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност |
|---|---|---|---|
| | K-30-10403 | | |

**До: Град Скопје**
**Архивски број: 09-2861/** 8
**Датум:** 21.10.22

**Drejtuar: Qytetit të Shkupit**
**Numri i arkivit: 09-2861/**
**Data:**

## УКАЖУВАЊЕ

До Министерството за информатичко општество и администрација доставено е Барање со архивски број 30-10403/1 од 06.09.2022, во врска со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје со архивски број 08-5530/4 од 13.07.2022 година.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа вашето Барање под горенаведениот број и датум, и ве известува за следново:

За работното место со реден број 77, звање и назив на работно место: Раководител на Сектор за локален економски развој, во делот вид на образование, наведеното научно поле: Образование, не е соодветен вид на образование за ова работно место.

За работното место со реден број 360, звање и назив на работно место: Помошник раководител на Сектор-Инспекторат на Град Скопје-Помошник главен инспектор, во делот вид на образование, научното поле: социјална работа и социјална политика, не е соодветен вид на образование за ова работно место, согласно надлежностите на овој сектор пропишани во Одлуката за внатрешна организација на Градот Скопје.

За работното место со реден број 391, со назив и звање на работно место: Раководител на Сектор за внатрешна ревизија, во делот вид на образование, наведено е: Високо образование, без притоа да биде прецизирано научно поле за ова работно место, согласно одредбите на Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места . Во делот други посебни услови се ставаат сертификати или дополнителни лиценци кои што се потребни за извршување на работните задачи и обврски, кои притоа **не се наведени на некое друго место**, согласно членот 17 став (7) од Правилникот за содржината и начинот на

## SUGJERIM

Pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, është dorëzuar kërkesë me numër arivi 30-10403/1 të datës 06.09.2022, në lidhje me Rregulloren për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores për sistematizimin e vendeve të punës në Qytetin e Shkupit me numër arkivi 08-5530/4 të datës 13.07.2022.

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës e ka shqyrtuar Kërkesën tuaj sipas numrit dhe datës së shënuar më lart, dhe ju njofton siç vijon

Për vendin e punës me numër rendor 77, titullin dhe emërimin e vendit të punës: Udhëheqës i Sektorit për Zhvillim Ekonomik Lokal, në pjesën lloji i arsimit, fusha e theksuar shkencore: Arsimi, nuk është lloj përshtatshëm i arsimimit për këtë vend pune.

Për vendin e punës me numër rendor 360, titullin dhe emërtimin e vendit të punës: Ndihmës Udhëheqës Sektori-inspektor i qytetit të Shkupit-ndihmës kryeinspektor, në pjesën lloji i arsimit, fusha shkencore: punë sociale dhe politikë sociale, nuk është lloj përshtatshëm i arsimimit për këtë vend pune, sipas kompetencave të këtij sektori të përcaktuara me Vendimin për organizimin e brendshëm të Qytetit të Shkupit.

Për vendin e punës me numër rendor 391, me titull dhe emërtim të vendit të punës: Udhëheqës I Sektorit për Auditimit të Brendshëm, në pjesëm lloji i arsimit, thuhet: Arsimi i lartë, pa specifikuar fushën shkencore për këtë vend pune, në përputhje me dispozitat e Rregullores për përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së akteve për organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës. Në pjesën kushte të tjera të veçanta, vendosen certifikata ose licenca shtesë që janë të nevojshme për kryerjen e detyrave dhe detyrimeve të punës, të cilat nuk janë të përcaktuara diku tjetër, në përputhje me nenin 17 paragrafi (7) të Rregullores për përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së akteve për organizimin e


Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места .

Воедно Ве информираме дека Министерството за информатичко општество и администрација дава согласности врз основа на Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Со оглед дека се работи за укажувања кои се дадени по пат на телефонска комуникација, Ве молам горенаведениот Правилник да се достави на увид до Министерството за информатичко општество и администрација.

Со почит.

brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës.

Njëkohësisht ju informojmë se Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep pëlqim në bazë të Ligjit për Nëpunësit Administrativë, Ligjit për të punësuarit në Sektorin Publik, Rregullores për përmbajtjen dhe mënyrën e përgatitjes së akteve për organizimin e brendshëm dhe sistematizimin e vendeve të punës, si dhe Përmbajtja e Analizës Funksionale të institucioneve të sektorit publik dhe Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.

Duke pasur parasysh se bëhet fjalë për sugjerime të dhëna përmes komunikimit telefonik, Ju lutem Rregullorja e mësipërme të dorëzohet për mbikqyrje në Ministrinë e Shoqërisë Informatike dhe Administratës.

Me respekt,

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Mr. Admirim Aliti**

Подготвил / Përpiloi/ Селма Хаџиќ
Превел / Përktheu: Jusuf Zendeli


Министерство за информатичко општество и администрацијана
Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dheAdministratës
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e MaqedonisësëVeriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

(630) 3.2.10

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/2020), Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје**

ГРАД СКОПЈЕ КOMUNA E QYTETIT TË SHKUPIT 08-5530/4 13. 07. 2022 СКОПЈЕ SHKUP

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје број 08-9664/1 од 10.12.2020 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје број 08-9664/4 од 15.01.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/8 од 03.02.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје број 08-9664/11 од 11.02.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/14 од 18.03.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/18 од 23.04.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/20 од 21.05.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/23 од 15.06.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/28 од 29.07.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, број 08-9664/33 од 04.11.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-11037/1 од 07.12.2021 година , Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-1882/1 од 21.02.2022 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-1882/3 од 04.05.2022 година и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје места во Град Скопје, 08-5530/1 од 12.05.2022 година.

**Член 2**

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 5. Сектор за локален економски развој, во работното место со реден број 77 со звање: Раководител на Сектор, назив на работно место: Раководител на Сектор за локален економски развој делот Вид на образование се менува и гласи: „**економски науки или туризам и угостителство или образование**".

**Член 3**

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 7. Сектор комунални работи, потточка 7.2 Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи во работното место со реден број 141 со звање: Раководител на одделение, назив на работно место Раководител на Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи, делот Вид на образование се менува и гласи: **„шумарство и хортикулура или машинство“.**

**Член 4**

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 7. Сектор комунални работи, потточка 7.2 Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи во работното место со реден број 142 со звање: Советник, назив на работно место: Советник за комуналната хигиена и за други комунални работи, во делот Вид на образование по зборовите животна средина се додаваат и зборовите: **„или географија“.**

**Член 5**

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 7. Сектор комунални работи, потточка 7.2 Одделение за комунални работи од областа на комуналната хигиена и за други комунални работи во работното место со реден број 145 со звање: Самостоен референт, назив на работно место: Самостоен референт за документација, делот Вид на образование се менува и гласи: **„вишо или средно гимназиско или средно стручно образование“.**

**Член 6**

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 18. Сектор - Инспекторат на Градот Скопје, во работното место со реден број 360. со звање: Помошник раководител на сектор, назив на работно место: Помошник раководител на Сектор - Инспекторат на Градот Скопје - Помошник главен инспектор, во делот Вид на образование по зборовите „растително производство“ се додаваат зборовите: **„или социјална работа и социјална политика“.**

**Член 7**

Во глава VI. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГРАД СКОПЈЕ, во точка 19. Сектор за внатрешна ревизија, во работното место со реден број 391, со звање: Раководител на сектор, назив на работно место: Раководител на Сектор за внатрешна ревизија, делот Одговара пред се менува и гласи: **„градоначалник“**, делот Вид на образование се менува и гласи: **„високо образование“**, а делот Други посебни услови се дополнува и гласи:
„работно искуство од најмалку три години во внатрешната или надворешната ревизија.
завршена обука и положен испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или меѓународно признаен ревизорски сертификат согласно Закон за јавна внатрешна финансиска контрола“.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото објавување на огласната табла на Град Скопје, а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број
______________ година
Скопје

ГРАД СКОПЈЕ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Данела Арсовска

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 14.11.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Град Скопје број 09-12960/1 од 11.11.2022 година, не е од одговорното лице, градоначалник на Град Скопје г-ѓа Данела Арсовска, туку од г-дин Зоран Глигоров, секретар на Град Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-131/24 од 14.11.2022 година.

Во функцијата на транспарентноста во постапката и во интерес на веродостојноста и утврдување на фактичката состојба, забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.2.10.** која се однесува на слабости во поставеноста на внатрешната ревизија поради непредвидени посебни услови кои треба да ги исполнуваат раководителот на единицата за внатрешна ревизија, овластените внатрешни ревизори и внатрешните ревизори, **претставува известување** за преземени активности во насока на надминување на утврдените состојби. Во прилог доставен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Град Скопје бр. 08-5330/4 од 13.07.2022 година и Укажување бр.09-2861/8 од 21.10.2022 година од страна на Министерството за информатичко општество, по однос на истиот.

Сметка на расходи на буџет на дотации (937)

2. Забелешката на констатираната состојба **во точката 3.1.1.** која се однесува на спроведување на надлежностите доделени на ЈСП Скопје, за активности од претходна календарска/буџетска година, без истите да бидат предвидени како преземени обврски во програмата за 2021 година, **не се прифаќа,** поради не доставени дополнителни докази кои влијаат на утврдената состојба. Забелешката дека по Договор и Анекс на договор[1] за организирање на бесплатен превоз на средношколци за учебната 2020/2021 година, градот ги платил обврските во текот на 2021 година, ревизијата го имаше во предвид и е соодветно обелоденето, но не ја менува состојбата дека преземените обврски од претходна година не се предвидени во програмата од областа на средното

[1] Договор со бр. 08-7658/1 од 05.10.2020 година и Анекс на договор 2 со бр. 08-7658/3 од 01.02.2021 година

образование и договорите за 2021 година, со што не се испочитувани одредбите од член 5 и 7 од Законот за буџетите[2].

3. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.1.** во делот на Останати прашања, а која се однесува на недоволниот број вработени професионални пожарникари од законски утврдениот минимум, **претставува известување** за преземени активности за зголемување на бројот на професионални пожарникари поради нивно заминување во пензија. Согласно Законот за државна ревизија, Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија од Државниот завод за ревизија, ревизорот укажува на потребата од зголемување на наменската дотација за ТППЕ, со цел нејзино ефикасно оперативно функционирање и истото не влијае на ревизорското мислење.

[2] („Сл. весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11,171/12, 192/15 и 167/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 151/21)